# Службен гласник


| Број 12 | 11.05.2026 година |
|---|---|


## на Општина Кавадарци

СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | |
| Решение за објавување на БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР на Општина Кавадарци за 2027 година | |
| БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР на Општина Кавадарци за 2027 година | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 08.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр. 09- 2693/1** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **11.05.2026 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) , член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 7/25и 77/26), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 17 в од Закон за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/24, 272/24 и 39/26), одредбите на Општиот Колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија бр.154/23“) и одредбите на Колективниот договор на Општина Кавадарци бр.09-5438/1 од 25.08.2022 година, Анекс бр.09-322/1 од 16.01.2023 година и Анекс бр.09-284/1 од 09.01.2024 година член 132 став 1 и член 154 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та Вонредна седница одржана на ден 08.05.2026 година, донесе,

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година бр.08-6391/2 од 26.12.2025 година („Службен гласник на Општина Кавадарци“ бр.5/2025 од 29.12.2025 година).

### Член 2

Во член 14 став 1, односно после
текстот „Е0“ се додава:
„ и Програма – Противпожарна заштита – Ѓ0“.

### Член 3

Во член 15 став 1, односно после
текстот „Е0“ се додава:
„ и Програма – Ѓ0 – Противпожарна заштита“.

### Член 4

Во член 18 став 1, односно
текстот „Градоначалник-Д0“ се заменува со:
„ Општинска администрација-Е0“.

### Член 5

Во член 18 став 2, односно
текстот „ЕО“ се заменува со:
„ Е0“.

### Член 6

Во член 19 став 1, односно
после текстот „Е0“ се додава :

„ и Програма – Противпожарна заштита – Њ0“.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Кавадарци.

Бр.08- 2608/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
08.05.2026година Претседател,
К а в а д а р ц и д-р Стојанчо Рамов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
за **објавување на БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**на Општина Кавадарци**
**за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР на Општина Кавадарци за 2027 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 08.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09- 2693/2 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
11.05.2026 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Кавадарци д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ бр.5/02" „ Сл.Весник на РСМ„ бр.202/2024), а во врска со член 27, точка 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), член 82, став 1, точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та Вонредна седница одржана на ден 08.05.2026 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**на Општина Кавадарци**
**за 2027 година**

| **Временска рамка** | **Буџетски активности** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| *Септември* | Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.2026 година) | Законот за буџетите („Сл. весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Сл. весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26 ) член 27, став 1 и 2 |
| *Најдоцна септември* | Градоначалникот подготвува препораки /насоки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет | Градоначалник, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл.весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26) член 19 став 3 |
| *Најдоцна октомври* | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови (заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции) | Буџетски корисници |
| *Октомври* | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и | Градоначалник, Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| | одредниците за наредната година | |
| *Октомври* | Буџетските информации се доставуваат до Одделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот | Одделение за финансиски прашања |
| *Октомври* | Проценките на трошоците за наредната година се враќаат во Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и сектори | Раководители на сектори и одделенија |
| *Октомври* | а) Се собираат буџетските барања;<br>б) Барањата се анализираат, усогласуваат и поднесуваат до Градоначалникот;<br>в) Се изготвува билансот на приходи;<br>г) Се изготвува билансот на расходи. | Одделение за финансиски прашања |
| *Октомври* | Градоначалникот на општината подготвува на предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот (најдоцна до 20 октомври) | Градоначалник, Раководители на сектори и одделенија |
| *Октомври - Ноември* | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој (најдоцна до 15 ноември во тековната година). Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината | Совет на Општината |
| *Најдоцна ноември* | Одделението за финансиски прашања, ги анализира барањата од буџетските корисници и го | Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| | известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања) | |
| *Ноември - Декември* | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| *Декември* | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл.весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26)член 27, став 4 и 5 |
| *Декември* | Се доставува Предлог-буџет од страна на Градоначалникот до Советот на општината | Градоначалник |
| *Декември* | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| *Крај на декември* | Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември) | Совет на Општината |
| *Јануари* | Започнува новата буџетска година. | |

**Член 1**

Со влегување во сила на овој Буџетски календар, престанува да важи Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Кавадарци за 2027 бр.08-6391/6 од 26.12.2026 година.

**Член 2**

Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Кавадарци за 2027 влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Кавадарци.

**Бр.08-2608/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.05.2026година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**